**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 3**

**03.04. 2015 година**

**Службен гласник на општина Делчево**

**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува:**

**Одделение за Правни и општи работи**
**и јавни дејности**

**Април 2015**

# -1-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, Градоначалникот на Општина Делчево, на ден ______2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од 26. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

I.Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **26.седница** која се одржа на ден **01.04.2015** година и тоа:

I

1. **Одлука** за реализација на проект реконструкција на ул.„Питу Гули" во Делчево;
2. **Одлука** за реализација на проект реконструкција на ул.„Светозар Марковиќ" во Делчево;
3. **Одлука** реализација на проект реконструкција на ул.„Маршал Тито" во Делчево;
4. **Одлука** за финансиско учество на општина Делчево за реализација на проектите реконструкција на улиците „Питу Гули", „Светозар Марковиќ", и „Маршал Тито" во Делчево;
5. Одлука за избор на проект и обезбедување на финансиска поддршка за проектот „Енеергетско ефикасни мерки преку замена на столарија во просториите на општина Делчево;
6. **Одлука** за измени на Одлуката за одобрување на месечен паричен надоместок за ученици со посебни потреби од ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.
7. **Одлука** за донација на парични средства за доизградба на манастирски комплекс „Св.Илија"-с. Ѕвегор;
8. **Одлука** за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за дел од Улица бр.3 опфатена во Детален урбанистички план за локалитет,, Звегорска река,,т.бр бр.2283/06;
9. **Одлука** за усвојување на Елаборатот за процена на штети од поплави во КО Делчево, КО Габрово, КО Стамер, КО Вирче, КО Иствевник и КО Разловци на 02.02.2015;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-______**
**___2015 година**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Дарко Шехтански,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со јавниот повик на Министерството за финансии Бр. 01/2015, Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден 01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За реализација на проект реконструкција на Улица „ Питу Гули " во Делчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава поддршка за аплицирање на проектот **Реконструкција на Улица „Питу Гули" во Делчево.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за финансии на Република Македонија за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 2**

За проектот "**Реконструкција на Улица „Питу Гули"** во Делчево ќе бидат побарани финансиски средства во висина од 5.093.659,00 денари согласно проектната документација.

Средствата за финансирање на овој проект ќе бидат обезбедени од Министерството за финансии на Република Македонија по повикот 01/2015 за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-758/1**
**01.04.2015 г.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со јавниот повик на Министерството за финансии Бр. 01/2015, Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За реализација на проект реконструкција на Улица „Светозар Марковиќ" во Делчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава поддршка за аплицирање на проектот **Реконструкција на Улица „ Светозар Марковиќ " во Делчево.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за финансии на Република Македонија за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 2**

За проектот "**Реконструкција на Улица „ Светозар Марковиќ "** во Делчево ќе бидат побарани финансиски средства во висина од 6. 446. 641,22 денари согласно проектната документација. .

Сретствата за финансирање на овој проект ќе бидат обезбедени од Министерството за финансии на Република Македонија по повикот 01/2015 за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

Сите категории на трошоци не вклучуваат финансирање на даноци и други јавни давачки.

Согласно законот за данок на додадена вредност и Царинскиот закон, единиците на локална самоуправа како имплементатори на предложените проекти се ослободени од плаќање на даноци и јавни давачки.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-759/1**
**01.04.2015 г.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со јавниот повик на Министерството за финансии Бр. 01/2015, Советот на општина Делчево на својата 26. Седница одржана на ден 01.04. 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За реализација на проект реконструкција на Улица „Маршал Тито" во Делчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава поддршка за аплицирање на проектот **Реконструкција на Улица „Маршал Тито" во Делчево.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за финансии на Република Македонија за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 2**

За проектот "**Реконструкција на Улица „Маршал Тито"** во Делчево ќе бидат побарани финансиски средства во висина од 6. 357. 379,60 денари согласно проектната документација.

Средствата за финансирање на овој проект ќе бидат обезбедени од Министерството за финансии на Република Македонија по повикот 01/2015 за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-760/1**
**01.04.2015 г.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/02), а во согласност со јавниот повик на Министерството за финансии Бр. 01/2015, Советот на општина Делчево на својата 26. Седница одржана на ден 01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За финансиско учество на општина Делчево за реализација на проектите реконструкција на Улиците „ Питу Гули “, „Светозар Марковиќ“ и „Маршал Тито“ во Делчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава поддршка за аплицирање на проектот **Реконструкција на Улиците „ Питу Гули “, „Светозар Марковиќ“ и „Маршал Тито“ во Делчево.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за финансии на Република Македонија за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини.

**Член 2**

За проектите “**Реконструкција на Улиците „Питу Гули “, „Светозар Марковиќ“ и „Маршал Тито“** во Делчево ќе бидат потребни финансиски средства во висина од **17. 897. 679,00** денари согласно проектната документација.

Средствата за финансирање на овој проект во висина од 15. 990. 000,00 ќе бидат обезбедени од Министерството за финансии на Република Македонија по повикот 01/2015 за користење на средства од ЕУ ИПА грантот, наменет за подобрување на инфраструктурата во руралните средини, а остатокот од 1.907.679,00 ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Делчево”.

**Бр.09-761/1**
**01.04.2015 г.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02), а во согласност со програмата за рамномерен регионален развој за 2014 година, Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден 01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За избор на проект и обезбедување на финансиска поддршка за проектот „Енергетско ефикасни мерки преку замена на столарија во просториите на општина Делчево"**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува приоритетот на Општина Делчево за аплицирање на проектот **„Енергетско ефикасни мерки преку замена на столарија во просториите на општина Делчево".**

Проектот ќе биде поднесен до Програмата за зачувување на природата (*Мали инфраструктурни проекти).*

**Член 2**

За спроведување на овој проект општина Делчево подготви техничка документација и апликација која ќе биде аплицирана до Програмата за зачувување на природата имплементирана од Фармахем Скопје со проектот **„Енергетско ефикасни мерки преку замена на столарија во просториите на општина Делчево"**

**Член 3**

За спроведување на овој проект од Програмата за зачувување на природата ќе бидат обезбедени 700 000 денари а од буџетот на општина Делчево 140 000 денари.

Средствата за овој проект се ослободени од ДДВ.

**Член 4**

Оваа одлука влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-762/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.04.2015 г.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. седница, одржана на ден 01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена на Одлуката за одобрување на месечен паричен надоместок за ученици со посебни потреби**
**од ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**

Член 1

Во членот 2 на Одлуката за одобрување на месечен паричен надоместок за ученици со посебни потреби од ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, бр.07-2145/1 од 27.09.2013, се врши измена и тоа, зборовите ***училишен прибор и материјали*** се заменуваат со зборовите:„***средства за хигиена***".

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-763/1**
**01.04. 2015 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. седница, одржана на ден 01.04.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за донација на парични средства за доизградба на манастирски комплекс „Св.Илија"-с. Ѕвегор**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува донација на парични средства за доизградба на манастирски комплекс „Св.Илија"-с. Ѕвегор.

Член 2

Средствата во висина од 30.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

**Број 09-764/1**
**01.04. 2015 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 52 став 3 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 199/2014 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 01.04.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за дел од Улица бр.3 опфатена во Детален урбанистички план за локалитет,, Звегорска река,,т.бр бр.2283/06**

Член 1

Оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура – за улица опфатена во Детален урбанистички план за локалитет,, Звегорска река,,т.бр бр.2283/06 и во планска документација означена како **Улица бр.3 .**

Член 2

Потребата за изработка на Проект за инфрастуктура за улица произлегува од потребата за решавање на проблемот за пристап на луѓе и возила во населбата Звегорска Река согласно условите на терен и врз основа на условите во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за таков вид инфраструктура.

Член 3

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива.

Член 5

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09 –765/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.04.2015 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а согласно точка 12 од Единствената методологија за процена на штети од елементарни и други непогоди („Сл.весник на РМ" бр.75/2001), Советот на општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 01.04. 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Елаборатот за процена на штети од поплави во КО Делчево, КО Габрово, КО Стамер, КО Вирче, КО Истевник и КО Разловци на 02.02.2015**

Член 1

Се усвојува Елаборатот за процена на штети од поплави во КО Делчево, КО Габрово, КО Стамер, КО Вирче, КО Истевник и КО Разловци на 02.02.2015, изготвен од страна на Општинската Комисија за процена на штети од елементарни и други непогоди, формирана од страна на Советот на Општина Делчево.

Член 2

Одлуката заедно со Елаборатот се доставува до:
-Влада на РМ;
-Министерство за финансии;
-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
-Републичка комисија за проценка на штети од елементарна непогода, Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собрание на РМ;
-Државен завод за статистика.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл.Гласник на Општина Делчево".

**Број 09-766/1**
**01.04. 2015 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

| СОДРЖИНА | | | |
|---|---|---|---|
| Р.Бр | Име на акт | Архивски бр. | Страна |
| 1. | **РЕШЕНИЕ за објавување акти од 26. седница на Советот на Општина Делчево** | **08-** | 1 |
| 2. | **ОДЛУКА за реализација на проект реконструкција на Улица „ Питу Гули “ во Делчево** | **09-758/1** | 2 |
| 3. | **ОДЛУКА за реализација на проект реконструкција на Улица „Светозар Марковиќ“ во Делчево** | **09-759/1** | 3 |
| 4. | **ОДЛУКА за реализација на проект реконструкција на Улица „Маршал Тито“ во Делчево** | **09-760/1** | 4 |
| 5. | **ОДЛУКА за финансиско учество на општина Делчево за реализација на проектите реконструкција на Улиците „ Питу Гули “, „Светозар Марковиќ“ и „Маршал Тито“ во Делчево** | **09-761/1** | 5 |
| 6. | **ОДЛУКА за избор на проект и обезбедување на финансиска поддршка за проектот „Енергетско ефикасни мерки преку замена на столарија во просториите на општина Делчево“** | **09-762/1** | 6 |
| 7. | **ОДЛУКА за измена на Одлуката за одобрување на месечен паричен надоместок за ученици со посебни потреби од ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево** | **09-763/1** | 7 |
| 8. | **ОДЛУКА за донација на парични средства за доизградба на манастирски комплекс „Св.Илија“- с. Ѕвегор** | **09-764/1** | 8 |
| 9. | **ОДЛУКА за изработка на Урбанистичко проектна документација - Проект за инфраструктура за дел од Улица бр.3 опфатена во Детален урбанистички план за локалитет,, Звегорска река,,т.бр бр.2283/06** | **09 –765/1** | 9 |
| 10. | **ОДЛУКА за усвојување на Елаборатот за процена на штети од поплави во КО Делчево, КО Габрово, КО Стамер, КО Вирче, КО Иствник и КО Разловци на 02.02.2015** | **09-766/1** | 10 |
| 11 | СОДРЖИНА | | 11 |